

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ

СОДРЖИНА

ЗАШТО ДА СТУДИРАМ ТЕХНОЛОГИЈА?

ЗА ТЕХНОЛОШКО – ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ

НАСТАВНИ ПРОГРАМИ

- СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ
  - ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИЈА НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА
  - ПРЕХРАНБЕНА ТЕХНОЛОГИЈА
  - ТЕХНОЛОГИЈА НА МАТЕРИЈАЛИ
- СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ
  - ТЕХНОЛОГИЈА И ДИЗАЈН НА ТЕКСТИЛ
  - МЕНАЏМЕНТ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ
  - ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИЈА НА МОДНА ОБЛЕКА
- СТУДИСКА ПРОГРАМА НА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ

ХИБРИДНА НАСТАВА

Е-УГД

ЕРАЗМУС ПЛУС СТУДИСКИ ПРЕСТОЈ ВО СТРАНСТВО

ПРАКСА, КЛИНИЧКА НАСТАВА И ОБУКИ

СОРАБОТКА СО ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ

СПОРТ И КУЛТУРА

КАДАР

НАСТАВЕН КАДАР

МОЈОТ ПАТ КОН УСПЕХОТ СО УГД

КОНТАКТИ И ЛОКАЦИЈА

ЗАШТО ДА СТУДИРАМ ТЕХНОЛОГИЈА?

Технологијата ја обединува науката и инженерството. Може да се дефинира како решение за реалните човекови проблеми преку развојот и примената на алатки, материјали, информации во форма на вештини, знаење, инженерски дизајни, спецификации или инструкции. Технолошко-техничкиот факултет нуди студиски програми од полето на текстилната технологија, прехранбената технологија и технологијата на материјали, кои се неопходни за опстанокот на човековото битие.

Разбирање на текстилната технологија: Текстилната технологија е наука која се занимава со целокупниот процес на производство на облека, од влакна како суровина до краен конфекциски производ.

Разбирање на прехранбената технологија: Прехранбената технологија е наука која се занимава со производство на храна и развој на прехранбени производи.

Разбирање на технологијата за материјали: Технологија за материјали е наука која се занимава со производство на материјали за различна намена (гума, пластика, биоматеријали, композитни материјали), како и испитување на нивната структура и својства.



Можности за кариера: Изучувањето на некоја од погоре наведените технолошки науки ви отвара многу можности за кариера и напредок во :

- **текстилната индустија**: претпријатија кои произведуваат текстил, облека и други конфекциски предмети, модни куќи и ателјеа, научно-истражувачки центри и лаборатории, научнообразовни институции;
- **прехранбената индустија**: претпријатија кои произведуваат прехранбени производи, прехранбени дистрибутивни центри, лабораториски единици, научно-истражувачки институции, научнообразовни институции;
- **технологијата на материјали:** претпријатија кои произведуваат материјали за различна намена (композити, биоматеријали, наноматеријали, високоперформансни влакна), лабораториски единици, научно-истражувачки центри, научнообразовни институции.

Технолошко - техничка писменост: Предметите од полињата на технолошките науки: текстилна технологија, прехранбена технологија и технологија на материјали ќе им овозможат на младите луѓе стекнување со специфични вештини, потребни и барани на пазарот на трудот. Овие вештини ќе допринесат сигурен и перспективен кариерен развој во овие полиња, кои се дефицитарни со кадри на пазарот на трудот.

ЗА ТЕХНОЛОШКО–ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ

Технолошко-техничкиот факултет е основан во 2008 година и е акредитиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија. Факултетот е основан со цел да се развијат квалитетни кадри, кои успешно ќе одговорат на промените кои ги наметнува брзиот технолошки развој во текстилната индустрија, прехранбената индустрија и индустријата за производство на современи материјали.

Технолошко-техничкиот факултет нуди програми за додипломски, постдипломски и докторски студии. Подобрувањето на квалитетот и ефикасноста на наставата се приоритет на нашиот факултет, а преку континуиран професионален развој на наставниците, воведување и развој на нови форми на учење, како и преку поголема ангажираност на наставниците и подобрување на односот наставник-студент ви даваме силна поддршка во постигнувањето на својот максимум. Технолошко-техничкиот факултет креира академска атмосфера, во која нашите студенти од земјава и од странство се континуирано поттикнати и инспирирани да покажат што знаат и умеат.

Денес со гордост можеме на кажеме дека голем процент од дипломираните студентите на Технолошко-технички факултет работат како инженери во областа на текстилната технологија, технологијата на облека, дизајнери на облека во 3D софтвер, модни дизајнери, инженери во прехранбената индустрија, консултанти за правилна исхрана и претпријатија кои работат на развивање и производство на современи материјали.

Технолошко-техничкиот факултет во фокусот ги става студентите и нивните потреби. За таа цел, студирањето на Технолошко-техничкиот факултет е поддржано преку различни програми на стипендирање и пракса во реномирани индустриски претпријатија. Студентите се активно вклучени во научно-истражувачки и стручно-апликативни проекти, кои им даваат можност да стекнат истражувачко искуство надвор од наставниот процес.

Понатамошниот развој на факултетот и неговата модернизација, стратешки се заснова на посветено работење на сите вработени во корист на нашите студенти, партнери и општеството во целина.

НАСТАВНИ ПРОГРАМИ

Технолошко-техничкиот факултет нуди едукација на прв, втор и трет циклус на академски студии, со студиски програми кои се усогласени со потребите на пазарот на трудот и општеството. Концепирањето на студиските програми се темели на позитивните искуства од развиените земји и соработката со научни истражувачи кои се работно ангажирани на универзитетите, институтите и производните компании ширум светот.

Студентите се стекнуваат со диплома која е меѓународно призната и им овозможува вработување на дипломираните инженери – технолози широки можности за вработување.





СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ, АКРЕДИТИРАНИ ВО 2021/2022 ГОДИНА

ЛИНК ДО ПРОГРАМИТЕ:
https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi

ПРАВИЛНИК ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ:
https://www.ugd.edu.mk/images/pravilnici_studiranje/pravilnik%20za%20studiranje%201%20ciklus.pdf

ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИЈА НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА

„Најодржливо нешто е квалитетот. Затоа чувајте парче облека во вашата гардероба што ќе го носите и после 10 години “.
– Стела Мек Картни, моден дизајнер

„Јас не дизајнирам облека. Јас дизајнирам соништа“.
– Ралф Лорен, моден дизајнер

„Сакам да создадам нешто што никогаш не постоело“.
- Реј Кавакубо, моден дизајнер

„Само квалитетна ткаенина може да создаде квалитетна мода“.
- Нино Черути, бизнисмен и моден дизајнер - кутуриер

Учество на наши студенти во Fashion Weekend Skopje



3...2...1...▌...1...2...3

Модни проекти

ДЕЛ ОД НОСЕЧКИТЕ ПРЕДМЕТИ

1. Основи на дизајн
2. Техники на цртање
3. Текстилни влакна
4. Технички текстил
5. Технологија за изработка на облека
6. Структура и својства на текстил
7. Ликовно обликување на текстил
8. Развој на производ
9. Креирање и моделирање на облека
10. Проектирање во конфекциско производство
11. Механичка текстилна технологија
12. Дизајн и нега на текстил и облека
13. Конструкција на облека
14. Моден проект (портфолио)
15. Моден дизајн
16. Историја на облека
17. Колекција
18. CAD/CAM
19. Машини и уреди во конфекциско производство
20. Социологија на мода и психологија на облекување

СТЕКНАТИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ

Технологија на текстил и облека: Разбирање на целокупниот процес на производство на облека, од влакна како суровина до краен конфекциски производ. Запознавање со технолошките процеси за производство на преѓа и дводимензионални текстилни материјали (плетенини, ткаенини, неткаен текстил), процесите на хемиска текстилна технологија и доработка на текстил, процесите за конвертирање на текстилните материјали во облека (кроење, шиење и доработка) и негување на текстилните производи.

Менаџирање на конфекциски процеси: Оспособување на студентот да проектира технолошки процеси за производство на конфекциски производи, да направи технолошка и оперативна подготовка, да ги менаџира и да ги решава проблемите кои ќе се појавуваат во текот на производството.

Дизајнирање на облека: Развивање на креативни вештини за дизајнирање на облека и запознавање со правилата за илустрирање, конструирање, моделирање и градирање на облека.

Градење на системи за квалитет во текстилните претпријатија: Запознавање со меѓународните стандарди ISO апликативни во текстилната индустрија и оспособување за нивна имплементација во сите претпријатија од текстилната индустрија.

МОЖНОСТИ ЗА КАРИЕРА

Инженер технолог за водење на технолошки процеси во текстилната индустрија: Во претпријатија кои се занимаваат со производство на облека, текстил, технички текстил како и претпријатија кои се занимаваат со доработка на текстил и текстилни производи.

Контролор на текстилни процеси и производи: Контролирање на производството преку примена на ISO стандарди во сите претпријатија кои произведуваат било каков вид на текстилни производи, од фазата на влезна до завршна контрола.

Инженер за развој на нови текстилни производи: Во секторот за развој во склоп на претпријатијата кои се занимаваат со производство на облека и базична текстилна индустрија од проектирање на текстилни материјали, дизајнирање на облека, конструкција и моделирање на кројни делови до изработка на колекции. Исто така во научно-истражувачки центри и лаборатории за испитување на текстилни материјали и готови конфекциски производи.

Инженер технолог за набавка и логистика на репроматеријали: Во секторот за набавка на репроматеријали во склоп на текстилни претпријатија и претпријатија чија основна дејност е набавка на текстилни репроматеријали и дистрибуција до производствените индустриски капацитети.

CAD/CAM инженер: Во секторот за конструкциска подготовка во конфекциски претпријатија, одговорен за планирање и изработка на кројни слики преку дигитализација на кројни делови, моделирање, градирање и нивно вклопување во кројни слики. Правилно воведување на материјал за автоматско постилање, управување со автоматска машина за постилање и кроење на материјалите.

Моден дизајнер: Во модни куќи и модни ателјеа одговорен за моден дизајн на облека.

Дипломата од областа на дизајн и технологија на текстил и облека на студентите им овозможува стекнување со знаења од областа на дизајнот и технологијата за изработка на текстил и облека, а истовремено овозможува и стекнување на вештини за нивно креирање и производство. Со оваа студиска програма се овозможува и стекнување со основните знаења за дизајнирање на текстил и облека и за успешно раководење на технолошките процеси за текстил и процесот на производство на облека.

Студиската програма Дизајн и технологија на текстил и облека се реализира во трање од четири години, осум семестри.

Со завршување на академските четиригодишни студии од прв циклус на студиската програма Дизајн и технологија на текстил и облека студентите стекнуваат 240 ЕКТС.

Стекнатата диплома по Дизајн и технологија на текстил и облека е меѓународно призната.

ЛИНК ДО ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОГРАМАТА:

https://ttf.ugd.edu.mk/documents/studiski/1-ciklus/2021-2022/dizajn-i-tehnologija-na-tekstil-i-obleka-studiska.pdf

ПРЕХРАНБЕНА ТЕХНОЛОГИЈА

„Животот е комбинација од магија и тестенини“.
– Федерико Фелини

„Храната е важен дел од балансираната исхрана“.
– Фран Лебовиц

„Сите јадеме и би било тажно да не ја искористиме можноста да јадеме добро“.
– Ана Томас

„Луѓето коишто сакаат да јадат се секогаш најдобрите луѓе“.
– Џулија Чајлд



ДЕЛ ОД НОСЕЧКИТЕ ПРЕДМЕТИ

1. Вовед во прехранбена технологија
2. Екологија во прехранбената технологија
3. Микробиологија
4. Суровини за производство на анимални производи
5. Биохемија на храна
6. Технолошки операции во прехранбена индустрија
7. Микробиологија на храна
8. Храна и исхрана
9. Производство на безалкохолни производи
10. Биолошки основи на суровините
11. Преработка на поледелски култури
12. Преработка на овошје и зеленчук
13. Технологија на пекарски производи
14. Преработка на маслодајни култури
15. Производство на алкохолни производи
16. Пакување на храна
17. Ароматични, зачински и лековити растенија
18. Стандарди, контрола и квалитет во прехранбена индустрија
19. Млеко и преработки од млеко
20. Процесна техника во прехранбена индустрија

СТЕКНАТИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ

Храна и исхрана: овладување и разбирање на технолошките операции и процеси за голем број на прехранбени производи, конзервирање на овошје и зеленчук, вода, алкохол и безалкохолни пијалоци, кондиторски производи. Индентификување, анализирање, решавање на проблеми од областа на процесирањето, конзервирањето и пакувањето на храната.

Енергетски и материјални биланси: Способност за вклучување на развојно-истражувачки програми со цел искористување на нутритивните вредности на суровините во производите – храната.

Стандардизација на технолошки процеси: Способност за имплементирање и страндардизација на технолошките процеси во целокупната индустрија за храна. Способност за примена на научни и стручни знаења во пракса, рационализирање, менаџирање и контрола на технолошките процеси во прехранбената индустрија.

Иновативност: Технолози кои развиваат нови прехранбени производи со исклучителен квалитет според меѓународни стандарди и прописи што значително придонесува за развојот на прехранбената индустрија.

МОЖНОСТИ ЗА КАРИЕРА

Инженер технолог од областа на прехранбената индустрија: Во сите индустрии за производство на храна, научно-истражувачки институции, лаборатории и научнообразовни институции.

Инженер технолог за развој, подобрување и иновации на нови производи: Во компании кои произведуваат кондиторски (чоколада и чоколадни бомбони, гуми за џвакање, бомбони, соленки, смоки, пандишпани и сл.) и пекарски производи (замрзнати и суви теста), млечни производи (сладоледи, павлаки, јогурти, видови на сирења и кашкавали и сл.), конзервна индустрија (кечапи, компоти, мармалади, сушени овошја и зеленчуци и сл.), месни производи итн.

Инженер технолог за имплементирање и следење на стандард: Во компании кои произведуваат млеко и млечни производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, кондиторска индустрија, полнење на вода, минерална вода и сокови и сл.

Инженер технолог за дистрибуција на храна: Во дистрибутивни центри за суровини и готови производи и јадења.

Инженер технолог во лабораторија: Во лаборатории за контрола на суровини и готови производи.

Дипломата од областа на прехранбена технологија им обезбедува на студентите подлабоки знаења од областа на прехранбената технологија, биотехнологија и биоинженерство, а истовремено овозможува и стекнување на вештини за развивање и производство на нови производи и технологии.

Студиската програма Прехранбена технологија се реализира во траење од четири години, осум семестри.

Со завршување на академските четиригодишни студии од прв циклус на студиската програма Прехранбена технологија студентите стекнуваат 240 ЕКТС.

Стекнатата диплома по Прехранбена технологија е меѓународно призната.

ЛИНК ДО ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОГРАМАТА:

ТЕХНОЛОГИЈА НА МАТЕРИЈАЛИ

„Се обидував да направам нешто навистина тврдо, но потоа помислив дека наместо тоа треба да направам нешто навистина меко што ќе може да се обликува во различна форма. Така го направив првиот пластичен материјал. Го нарековБакелит.“

- Лео Бекеланд, хемичар

„Не постои истражувачки проект кој не дава резултати. Секогаш, истражувачите се тие кои не покажуваат резултати.“

- Кижи Чен, професор по биоматеријали



ДЕЛ ОД НОСЕЧКИТЕ ПРЕДМЕТИ

1. Технологии на пластични маси
2. Инженерски материјали
3. Планирање на експерименти
4. Производни технологии
5. Градежни материјали
6. Текстилно-кожарски материјали
7. Композитни материјали
8. Вовед во нанотехнологија
9. Керамика
10. Заштитни материјали
11. Технологии на заштита на животна средина
12. Полимерни композитни материјали
13. Принцип на избор на материјали
14. Менаџирање на отпад
15. Метали и легури
16. Високоперформансни влакна
17. Рециклирање на полимерите
18. Интелигентен текстил
19. Проектирање на технолошки процеси
20. Мерење и димензиона анализа

СТЕКНАТИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ

Материјали и технологии за материјали: Стекнување на знаење за структурата на различни материјали (пластични, керамички, метални, композитни, градежни, наноматеријали), производните процеси, за феномените на пренос, мерењата и димензионалната анализа, како и за јакоста на материјалите.

Анализа и проценка: Развивање на способност за анализирање и оценување на релевантни податоци од производствени претпријатија за пластични, керамички, метални, композитни, наноматеријали. Способност за проценување на влијанието на материјалот врз околината и дали неговата апликација ќе биде во склад со законската регулатива за заштита на околината.

Оптимизација на процес: Стекнување на знаење и способност за вршење на избор на најсоодветна технологија за преработка на различен вид на материјали од аспект на потрошувачката на енергија, продуктивноста и цената на чинење.

МОЖНОСТИ ЗА КАРИЕРА

Инженер технолог од областа на технологијата на материјали: Во сите претпријатија за производство на материјали (керамика, композити, пластика, наноматеријали и сл.), одговорен за проектирање на технолошка постројка за добивање на соодветен материјал наменет за производство на даден проектиран производ.

Инженер технолог во научно-истражувачки центри: Во лаборатории и научно-истражувачки центри во и надвор од земјата за испитување и оценување на својствата на материјалите (пластични, керамички, метални, композитни, наноматеријали).

Инженер технолог за развој и иновации: Во секторот за иновации во склоп на претпријатија за производство на нови современи инженерски материјали (биоразградливи, наноматеријали, интелигентни материјали).

Дипломата од областа на технологија на материјали им обезбедува на студентите знаења од областа на неорганските материјали, композитните материјали, керамичките и прашкастите материјали, полимерни материјалии и технолошките процеси за нивно производство.

Студиската програма Технологија на материјали се реализира во траење од четири години, 8 семестри.

Со завршување на академските четиригодишни студии од прв циклус на студиската програма Технологија на материјали студентите се стекнуваат со 240 ЕКТС.

Стекнатата диплома по Технологија на материјали е меѓународно призната.

ЛИНК ДО ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОГРАМАТА:



СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ, АКРЕДИТИРАНИ ВО 2021-2022 И 2022-2023 ГОДИНА

ЛИНК ДО ПРОГРАМИТЕ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ:
https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi/vtor-ciklus

ПРАВИЛНИК ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ:
https://www.ugd.edu.mk/images/pravilnici_studiranje/pravilnik%20za%20studiranje%20na%202%20ciklus.pdf

ТЕХНОЛОГИЈА И ДИЗАЈН НА ТЕКСТИЛ

Студиската програма Технологија и дизајн на текстил се реализира во траење од една година, два семестри.

Со завршување на едногодишните студии на студиската програма Технологија и дизајн на текстил студентите стекнуваат 60 ЕКТС.

На втор циклус студии во траење од една години и освоени 60 кредити (според ЕКТС) може да се запишат кандидати со завршен прв циклус на студии и освоени 240 кредити, според ЕКТС од четиригодишните студиски програми.

Стекнатата диплома по Технологија и дизајн на текстил е меѓународно призната.

ЛИНК ДО ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОГРАМАТА:

МЕНАЏМЕНТ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Студиската програма Менаџмент и контрола на квалитет се реализира во траење од една година, два семестри.

Со завршување на едногодишните студии на студиската програма Менаџмент и контрола на квалитет студентите стекнуваат 60 ЕКТС.

На втор циклус студии во траење од една години и освоени 60 кредити (според ЕКТС) може да се запишат кандидати со завршен прв циклус на студии и освоени 240 кредити, според ЕКТС од четиригодишните студиски програми.

Стекнатата диплома по Менаџмент и контрола на квалитет е меѓународно призната.

ЛИНК ДО ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОГРАМАТА:



ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИЈА НА МОДНА ОБЛЕКА

Студиската програма Дизајн и технологија на модна облека се реализира во траење од една година, два семестри.

Со завршување на едногодишните студии на студиската програма Дизајн и технологија на модна облека студентите стекнуваат 60 ЕКТС.

На втор циклус студии во траење од една години и освоени 60 кредити (според ЕКТС) може да се запишат кандидати со завршен прв циклус на студии и освоени 240 кредити, според ЕКТС од четиригодишните студиски програми.

Стекнатата диплома по Дизајн и технологија на модна облека е меѓународно призната.

ЛИНК ДО ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОГРАМАТА:

СТУДИСКА ПРОГРАМА НА ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ, АКРЕДИТИРАНА ВО 2022-2023 ГОДИНА

ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ОРГАНИЗИРА И ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА НАУКА И ТЕХНОЛОГИЈА ЗА КОМПОЗИТНИ МАТЕРИЈАЛИ

ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ МОЖЕ ДА СЕ НАЈДАТ НА СЛЕДНИОВ ЛИНК:
https://www.ugd.edu.mk/index.php/nauka/za-skolata-za-doktorski-studii

ПРАВИЛНИК ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ:
https://www.ugd.edu.mk/images/pravilnici_studiranje/pravilnik%20za%20studiranje%203%20ciklus.pdf

ХИБРИДНА НАСТАВА

УГД почна да експериментира со учење на далечина во декември 2019, а веќе во март 2020 година повеќе од 4.400 студенти и 360 предавачи активно ги користеа алатките на Microsoft 365 за пристап, учење и споделување содржини. Поголемиот дел од факултетите успешно спроведуваат предавања, испити и колоквиуми преку услугата Microsoft Teams, со што УГД стана првиот универзитет во Р.С. Македонија со висока употреба на дигитални алатки и технологии. УГД е една од успешните приказни на Microsoft. (https://customers.microsoft.com/en-us/story/836725-goce-delcev-university-of-stiphigher-education-microsoft-365-en-macedonia)

ПОВЕЌЕ ОД

4.400

студенти

ПОВЕЌЕ ОД

360

предавања

100.000

часови на аудио инструкција

50.000

часови на видео инструкција

11.000

онлајн предавања

Е-УГД

Едукативните платформи на УГД се дизајнирани за студентите да бидат тие кои сами го водат своето учење, како активни чинители во нивното образование.Благодарение на привлечната содржина, интеракцијата и гејмификацијата, учениците се мотивирани, работат автономно и се фокусираат на нивното самостојно учење. Методите и технологијата за е-учење на УГД се важни како за едукација на студентите, така и за професионален развој на вработените.

Мајкрософт го издвојува УГД како пример за добра транзиција - 100.000 часа аудио настава, 50.000 часа видео настава и 11.000 онлајн предавања.

ЦЕНТАР ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ

Центарот за е-учење ѝ помага на универзитетската заедница во искористување на потенцијалот на технологијата за подобрување на наставата и учењето. Центарот им го дава на студентите најдоброто од двата света, бидејќи тие можат да учат насекаде, во секое време, од најдобрите во нивните области, бидејќи нашите курсеви за е-учење ги одржуваат истите реномирани членови на факултетите кои предаваат во рмаки на нашите програми на кампусите. (https://ceu.ugd.edu.mk/index.html)

Е-БИБЛИОТЕКА

Е-библиотека е развиена за одржување онлајн ресурси и услуги за поддршка на сегашните и идните потреби за настава и учење на Универзитетот. Базите на податоци содржат списанија, рецензии на книги, е-книги, весници и списанија, зборници од конференции итн. Сите тие се достапни бесплатно за студентите и вработените. Е-библиотеката содржи вкупно 974 бесплатни е-книги (преземања 448.819 -11.01.23) (https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php) Линк до е-библиотеката: https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php

Е-ИНДЕКС

Преку е-индекс постои можност за целосно електронско проучување и тоа ги вклучува:

- електронска регистрација на семестар;
- електронско заверување на семестар;
- електронска регистрација на испити и проектни задачи;
- електронско плаќање;
- електронски резултати;
- електронска огласна табла;
- постојана електронска комуникација и електронска консултација со наставничкиот и соработничкиот кадар

ЕРАЗМУС ПЛУС СТУДИСКИ ПРЕСТОЈ ВО СТРАНСТВО

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип повеќе години успешно ја реализира Еразмус плус програмата со европските партнер-универзитети. Еразмус плус програмата е наменета за сите редовно запишани студенти на УГД кои имаат завршено најмалку два семестри од студиите. Студентската размена можат да ја реализираат во еден од над 400 партнерски универзитети прикажани на следниов линк:
https://cmus.ugd.edu.mk/partner-universities.pdf

Во зависност од договорот, студиската размена може да се реализира во 6 или 12 месеци.

Со цел оваа програма да биде што е можно поблиску до студентите, УГД во текот на годината постојано организира информативни денови и состаноци со претставници од Националната агенција. Повеќе информации за Еразмус плус мобилноста и можноста за студирање на нашите партнер-универзитети ширум Европа може да најдете на следниве линкови:

https://www.ugd.edu.mk/index.php/statut/erazmus
https://cmus.ugd.edu.mk/

ПРАКСА, КЛИНИЧКА НАСТАВА И ОБУКИ

Студентите на УГД и Технолошко-технички факултет во процесот на студирање имаат можност да реализираат задолжителна пракса во склоп на Центарот за кариера при УГД.

На тој начин имаат континуиран допир со реалниот сектор и можност за стекнување на искуство кое им ја зголемува конкурентноста на пазарот на трудот.

Една од основните функции на Центарот е создавањето на ефективно партнерство со работодавците преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за пракса и работни места.

Дел од услугите на Центарот за кариера се:

- Кариерно истражување и олеснување при донесување на одлука;
- Релевантно работно искуство од полето на интерес;
- Искуство од учење кое што ги надминува границите на училницата;
- Развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот;
- Учење на нови вештини и здобивање со практично искуство што го бараат работодавците;
- Зајакнување на сопственото резиме/CV;
- Можност за вработување во компанијата каде што студентот бил на пракса, по дипломирањето;
- Вмрежување и создавање на професионални контакти;
- Професионален идентитет, став и поголемо чувство на одговорност.

Искуственото учење е методологија на работа со студенти во рамки на која, покрај дискусија и предавања на теоретските аспекти на одредена проблематика, се користи и практична примена на знаењето преку аудиториски вежби, симулациски вежби, вежби во лаборатории како и изработка на практични решенија и прототипови во текот на изработката на дипломскиот труд.

На тој начин, студентите покрај новостекнатото знаење учат како истото да го применат во реална ситуација и на нови начини.

Клиничката настава подразбира вклучување на предавачи од пракса во рамки на редовните предавања, кои своето искуство и знаење на тој начин директно им го пренесуваат на нашите студенти.

Во рамки на Технолошко – техничкиот факултет, покрај редовната настава и пракса, исто така се организираат и реализираат бројни настани и други активности за развој и напредување на работни вештини кај студентите. Настани на кои имаат учествувано нашите студенти се:

- Моден викенд – Скопје
- Изложби по повод патрониот празник на УГД
- Завршни модни ревии
- Модни ревии надвор од државата
- Изработка на костими за театарски претстави
- Работилници на тема Циркуларна економија
- Обуки за 3D дизајн и дигитализација на облека
- Меѓународни саеми за храна
- Промоција и развој на нови прехранбени производи

Повеќе информации за можностите за пракса и работата на Центарот за кариера при УГД може да се најдат на следниот линк:
https://ckr.ugd.edu.mk/about.html

СОРАБОТКА СО ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ

Дел од организациите со кои Технолошко-техничкиот факултет има развиено соработка во однос на пракса, клиничка настава, организација на настани или соработка на проекти се:

Во рамки на Технолошко - технички факултет, покрај редовната настава и пракса, исто така се организира и теренска настава, при што студентите имаат можност да посетат текстилни претпријатија, модни ателјеа, прехранбени претпријатија, претпријатија за производство на современи материјали и да видат како функционира реалниот индустриски сектор. Пример за реализирана теренска настава:

- 11 Октомври Еурокомпозит АД
- ДОО ЕАМ-Штип
- АД Единство – Струмица
- АД Мода – Свети Николе
- ДОО Тритекс Трејд – Прилеп
- ДОО Албатрос – Штип
- ДОО Ангротекс – Штип
- ДОО Комфи Ангел – Прилеп
- ДПТМ Окитекс ДОО – Скопје
- ДОО Дата текс – Штип
- Фам Моде – Штип
- Имако Вино – Штип
- Винчини Макпрогрес ДОО – Виница
- Текстилен кластер

СПОРТ И КУЛТУРА

Универзитетскиот спортски центар ги развива и унапредува спортските активности на студентите и вработените. Во рамките на Универзитетскиот спортски центар се опфатени екипи од повеќе спортови. Тековно функционираат универзитетски клубови во кошарка, пинг-понг, одбојка, шах и фудбал. Преку Универзитетскиот спортски центар сите студенти кои имаат афинитет кон спортот можат тоа да го реализираат преку настапи во рамките на турнири и останати натпреварувања на ниво на универзитетите во Македонија.

Дел од активностите на Универзитетскиот спортски центар во кои студентите можат да учествуваат во рамки на државата или во странство се:

- маратони и полумаратони,
- планинарење,
- тениски натпревари,
- меѓууниверзитетски натпревари,
- меѓународни натпревари,
- проекти од областа на спортот.

Повеќе информации за можностите преку Универзитетскиот спортски центар може да најдете на следниов линк:
https://www.ugd.edu.mk/usc/index.html

КАДАР

Професорите и соработниците на Технолошко – техничкиот факултет континуирано градат и одржуваат близок и пријателски однос со студентите, врз основа на заслужен авторитет.

Воедно нашите професори стават силен акцент и на научноистражувачката и апликативната работа и се активно ангажирани на повеќе нивоа, како:

- Истражувачи во различни области на технологија и дизајн како:
  - Дизајн на текстил и облека
  - Технологија на облека
  - Прехранбена технологија
  - Технологија на полимерни и композитни материјали.
- Консултанти во рамките на приватниот сектор и јавните институции.
- Членови на научни меѓународни одбори на реномирани меѓународни научни списанија.
- Членови на научни меѓународни одбори на реномирани меѓународни научни конференции.

НАСТАВЕН КАДАР

Проф. д-р Ацо Јаневски

Област: Материјали, инструментални методи.

Проф. д-р Дарко Андроников

Област: Наука и технологија за месо

Вон.проф. д-р Сања Ристески

Област: Наука и технологија за текстил, дизајн, конструкција и моделирање на облека.

Проф. д-р Винета Сребренкоска

Област: Инжинерство на материјали, композитни и полимерни материјали

Вон.проф. д-р Соња Јордева

Област: Текстилно механичко инженерство



Вон. проф. д-р Силвана Жежова

Област: Наука и технологија за текстил

Проф. д-р Киро Мојсов

Област: Прехранбена технологија



Вон.проф. д-р Марија Ѓертакова

Област: Наука и технологија за облека, моден дизајн

Доц. д-р Сашка Голомеова Лонгурова

Област: Технологија на облека

Доц. д-р Сашо Стојковик

Област: Електрохемиски процеси, синтеза на неоргански материјали, аналитички и карактеризациски методи

МОЈОТ ПАТ КОН УСПЕХОТ СО УГД

> Достапноста на наставниот кадар, пристапот до електронските платформи, студентска мобилност со Erasmus+ програмата, стекнатото знаење и правилното насочување кон вистинскиот пат вечно ќе го обележат моето сеќавање за УГД.

Сашко Атанасов

Дипломиран инженер-технолог од областа на Прехранбена технологија, Технолошко-технички факултет
Вработен во: „Макпрогрес” ДОО - Виница

Мојот почеток кон професионален развој и професионална надградба го започнав со изборот на насоката Прехранбена технологија на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Достапноста на наставниот кадар, пристапот до електронските платформи, студентска мобилност со Erasmus+ програмата, стекнатото знаење и правилното насочување кон вистинскиот пат вечно ќе го обележат моето сеќавање за УГД. Денес работам како технолог за подобрување, иновации и развој на производи во една од водечките компании за производство на кондиторски производи во Југоисточна Европа – Макпрогрес. Мојата приказна со оваа компанија започна уште во студентските денови со извршување на мојата практиканска и дипломска работа, а потоа благодарение на тоа и со вработување во истата. Од денешна гледна точка апсолвираните студии на Технолошко-техничкиот факултет беа отскочна даска за етаблирањето во сегашната работна позиција.



> Факултетот ми овозможи практично да се надоградам со најновите технологии што се користат во модниот свет, изучување на комбинираните 2D/3D софтвери за визуелизација на облека, што воедно претставува најодржливо решение за текстилните компании во денешно време.

Цветанка Гаревска

Дипломиран инженер-технолог од областа на Дизајн, текстил и менаџмент, Технолошко-технички факултет
Вработена во: „Лутекс” ДОО - Велес

Почетоците на мојата кариера и професионален развој започнуваат со Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип со избирање на насоката Дизајн на текстил и облека при Технолошко- техничкиот факултет. Целото студирање е поддржано со материјали во електронска форма, практична настава и посветен наставен кадар, што дополнително го носи студирањето на повисоко ниво и отвара пат за професионален успех. Факултетот ми овозможи практично да се надоградам со најновите технологии што се користат во модниот свет, изучување на комбинираните 2D/3D софтвери за визуелизација на облека, што воедно претставува најодржливо решение за текстилните компании во денешно време. Подоцна тоа ми донесе бројни сертификати и можност да се претставам како ментор-обучувач за она што го работам, за надоградување на млади и амбицизни кадри. Денес, зборувам во име на дипломиран инженер-технолог од областа на дизајнот, текстиот и облеката и изјавувам дека студиите на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ се скалата, која што ме издигна од почетно знаење до професионален раст и развој во својата област.

Повеќе информации за успешни студентски приказни може да најдете на следниов линк: https://life.ugd.edu.mk/index.php/studenti

> Благодарение на овој факултет, денес гордо стојам како успешен професионалец и млад човек кој води фитнес група која брои над 500 активни членови, како и клиенти на индивидуални програми за исхрана.

Лолита Спирова

Дипломиран инженер-технолог од областа на Прехранбена технологија, Технолошко-технички факултет
Работи како: Фитнес тренер и изработување на програми за правилна исхрана и тренинг

Желбата за изучување на храната и мотивот дека „храната е лек и лекот е храна" дефинитивно ме насочи во изборот на Технолошко-технички факултет, насока Прехранбена технологија. До денес им помогнав на илјадници клиенти да го променат начинот на живот со помош на исхраната и горда сум на секој успех! Како студент на Технолошко-технички факултет, насока Прехранбена технологија, научив над сто теории за исхрана, основни знаења за тоа како функционира дигестивниот систем, биохемијата на храната, макронутриентите итн. Сето тоа знаење го добив благодарение на моите стручни професори. Нивното менторство, поддршка, теоретски предавања и лабораториски вежби, ги поставија темелите за мојата успешна кариера. Благодарение на овој факултет, денес гордо стојам како успешен професионалец и млад човек кој води фитнес група која брои над 500 активни членови, како и клиенти на индивидуални програми за исхрана, со кои успешно успеавме да ги регулираме, шеќерот, холестеролот, проблемите со хормонскиот дисбаланс итн. Со Технолошко-техничкиот факултет – Прехранбена технологија успеав да ги поминам сите предизвици и да го следам мојот пат кон успехот.

> На секој од вас на кому му се буди чувство за креативност, уметнички афинитет, стил и мода топло му ја препорачувам насоката Дизајн на текстил и облека на Технолошко-техничкиот факултет, со цел постигнување на успешна кариера како моден дизајнер во Македонија, а и надвор од неа.

Марија Митровска

Дипломиран инженер-технолог од областа на Дизајн, текстил и менаџмент, Технолошко- технички факултет
Работи во: Сопствено модно ателје лоцирано во Скопје и Струмица

Почетоците и првите стапки на мојата кариера, целиот професионален развој и самото влегување во светот на модата започнуваат со Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип со избирање на насоката Текстил, дизајн и менаџмент при Технолошко-техничкиот факултет. Во текот на студирањето стекнав многу нови знаења, искуства и вештини за дизајнирање на сопствени модели и колекции од областа на модата и дизајнот. Целото студирање е поддржано со конструкциска подготовка, модни скици и илустрации, техника на рачна изработка, боење и печатење на текстилни материјали и стручен наставен кадар посветен на студентите. Денес зборувам како дипломиран инженер-технолог од областа на дизајнот и тврдам дека дизајнот е насекаде околу нас и сега се бара повеќе од било кога. Да се биде моден дизајнер бара голема посветеност, многу труд, упорност, истрајност и да се сака тоа што се работи. Кога се работи со љубов и задоволство успехот е неминовен. На секој од вас на кому му се буди чувство за креативност, уметнички афинитет, стил и мода топло му ја препорачувам насоката Дизајн на текстил и облека на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев", со цел постигнување на успешна кариера како моден дизајнер во Македонија, а и надвор од неа.

Повеќе информации за успешни студентски приказни може да најдете на следниов линк: https://life.ugd.edu.mk/index.php/studenti

КОНТАКТИ И ЛОКАЦИЈА

Локацијата е на мапата од Кампус 2 (веб сајт на факултетот):
https://ttf.ugd.edu.mk/index.php/mk/
Адреса: ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
П. фах 201, Штип - 2000, Р.С. Македонија

ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР
Елвира Ристова
Телефон: +389 32 550 900
E-mail: elvira.pavlova@ugd.edu.mk

СТУДЕНТСКИ ПРАШАЊА – ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ
Валентина Давчева
Телефон: +389 32 550 064
E-mail: valentina.davceva@ugd.edu.mk

СТУДЕНТСКИ ПРАШАЊА – ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ
Катерина Хаџи- Василева
Телефон: +389 32 550 076
E-mail: katerina.hadzivasileva@ugd.edu.mk
Адреса: ул. „Крсте Мисирков“ бб, п. фах 201, 2000 Штип, Р.С. Македонија

Контакт мејл на факултетот:
contact-ttf@ugd.edu.mk

Линк до Facebook [Технолошко-технички факултет-Штип]:
https://www.facebook.com/profile.php?id=100086512216050

Линк до Instagram [ugd_ttf]:
https://www.instagram.com/ugd_ttf/



УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Избери мудро, делувај храбро

www.facebook.com/
ugdstip

www.instagram.com/
ugdstip

www.linkedin.com/company/
university-goce-delcev-at-stip

www.youtube.com/user/
UGDSTIP

www.facebook.com/
UGDFM

www.ugd.edu.mk